МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2019 ГОДИНА

јануари 2020 година

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Министерството за образование и наука за 2019 година е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2019 на министерството содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 84/18 година),

- Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија
- воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството;
- спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство;
- приближување на знаењето на учениците/студентите до барањата на пазарот на трудот и унапредување на соработката меѓу високообразовните институции, истражувачките центри, приватниот сектор и јавните институции;
- зголемување на квалитетот на образованието преку негова модернизација и примена на меѓународните и европските стандарди за акредитацијата и евалуацијата;
- зголемување на ефикасноста и транспарентноста преку нов начин на управување и финансирање на универзитетот со почитување на неговата автономија и достоинството на професорите, нивна целосна одговорност за функционирање на високото образование според уставните и законските одредби во функција на зголемување на негова ефикасност и транспарентност;
- вложување во науката и истражувањето како и развој на нови технологии и индустрии;
- подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата;

Со новиот стратешки план на Министерството за образование и наука за 2019-2021 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 4 програми и 12 потпрограми.

## ПРОГРАМА: ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

2.1.1. Донесување/имплементација на нов Закон за основно образование
2.1.2. Стандарди во основното образование
2.1.3. Ревизија на наставните програми и учебници во основното образование

**ПРОГРАМА: СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

**Потпрограми:**

2.2.1 Стандарди во средното образование
2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Унапредување на ученичкиот стандард

**ПРОГРАМА: ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на квалитетот на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Унапредување на студентскиот стандард

**ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Македонија во меѓународните програми за наука и истражување

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## 2.1 Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите од Стратешкиот план:

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | „Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија" |
| **Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | „Спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство" и „Зголемување на квалитетот на образованието преку негова модернизација и примена на меѓународните и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | европските стандарди за акредитацијата и евалуацијата”<br><br>Реформи во основното образованието:<br>• Подобрување на условите за учење и на квалитетот на образованието<br>• Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во основното образование<br>• Вложување и развој на дигитални вештини<br>• Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта (иницијални и континуирани обуки за наставниците и стручните соработници)<br>• Унапредување на концептот на еднаквост и недискриминација во образовниот систем | |
| **Назив на програма/потпрограма:** ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ<br>**Потпрограми:**<br>• Донесување/имплементација на нов Закон за основно образование<br>• Стандарди во основното образование<br>• Ревизија на наставните програми и учебници во основното образование | | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Еднакви и квалитетни национални стандарди во основното образование<br>- Зголемена инклузија на ученици со посебни образовни потреби и ученици од маргинализирани групи<br>- Подобрени инфраструктурни услови во училиштата | **Одговорен:**<br>Сектор за основно образование |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1**: Донесување/имплементација на нов Закон за основно образование | | | |
| **Мерка: Донесување и имплементација на нов Закон за основно образование**<br><br>Предвидени активности: | **Појдовна основа**<br>Закон за основно образование донесен во 2008 година, со 18 измени | **Мерката е целосно реализирана. Постигнат е планираниот резултат на годишно ниво.** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Состаноци на Работната група<br>- Објава на втората верзија на законот на ЕНЕР<br>- Инкорпорирање на прифатените забелешки, добиени од јавната расправа по законот<br>- Донесување на законот од страна на Владата и доставување во собраниска процедура<br>- Разгледување на комисиите на Собрание и разгледување (прифаќање или одбивање) на амандмани (доколку бидат поднесени)<br>- Донесување на Законот од страна на Собранието и обајвување во Службен весник<br>- Изготвување на нови подзаконски акти | **Показател за успешност:**<br>Законот за основно образование е усогласен со сите релевантни чинители (образовни установи, наставници, стручна јавност и граѓански сектор)<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесување на нов Закон за основно образование | Новиот Закон за основно образование е донесен од страна на Собранието и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019.<br><br>Новиот Закон започна да се применува од учебната 2019/2020 година (од 1 септември 2019). | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Стандарди во основното образование | | | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во основните училишта (реконструкција на основни училишта, изградба на нови основни училишта, изградба на училишни спортски сали)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Програма за инвестиции (изградба и реконструкција на основни училишта) | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на условите во некои училишта особено во руралните средини.<br>Има училишта кои немаат училишна спортска сала<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на изградени и реконструирани основни училишта и училишни спортски сали | **Мерката е целосно реализирана. Постигнат е (и надминат) планираниот резултат на годишно ниво.**<br><br>Донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта („Службен весник" бр.23 од 31.01.2019)<br><br>На 30.05.2019 пуштен е во употреба нов училишен објект за ОУ „Вера Јоциќ" Маџари, Гази Баба. Во тек е | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училишта (продолжување со изградба на отпочнатите и почнување со изгадба на нови објекти), изградба на нови училишни спортски сали | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени инфраструктурни услови во училиштата преку реконструкција на 18 училишта и изградба на 5 училишни спортски сали<br><br>Продолжување со изградба и отпочнување со изградба на 3 нови училишта (објекти) | изградба/доградба на три основни училишта: (нов училишен објект за ОУ во Љубош, село Батинци, о.Студеничани, нов училишен објект ОУ „Димитар Македонски", населба Лисиче, о.Аеродром и доградба и надградба на ОУ Лирија, с.Горно Јаболчиште, о.Чашка).<br><br>Завршена е реконструкцијата на шеснаесет училишта ОУ „Лазо Ангеловски" –Скопје, ОУ „Крсте П. Мисирков" – Оризари, ОУ „Васил Главинов" – Чаир, ОУ „Никола Карев" – Пробиштип, ОУ „Браќа Миладиновци" – Пробиштип, ОУ „Јероним Де Рада" – Черкезе, ОУ „Бајрам Шабани" – с.Кондово, ОУ „Панајот Гиновски" – Бутел, ОУ „Димка Ангелов Габерот" ПУ село Прждево, о. Демир Капија, ОУ „Јосип Броз Тито" ПУ село Радожда , о.Струга, ОУ „Тошо Арсов" – Штип, ОУ „Наум.Н.Борче" – Маџари, ОУ „Кузман Шапкарев" – Драчево, ОУ „Единство" с.Октиси, о. Струга, ОУ Перпарими, Чегране, Гостивар и ОУ Наим Фрашери, Куманово. Во завршна фаза е реконструкција на седум основни училишта: ОУ „Бајрам Шабани" – Куманово, ООУ „Ј.Б Тито", Струга, ООУ „Лирија", нм. Житоше, ОУ „Васил Главинов" Чаир, ОУ „25 мај" нас..Сингелич, о.Гази Баба, Скопје, ОУ Битолски конгрес, Скопје, како и изработка и ревизија на основен проект за ОУ „Васил Главинов" ПУ село | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Клуковец,о.Велес.<br><br>Завршени се со изградба осум училишни спортски сали: ОУ Реџеп Вока Шипковица Тетово, ОУ „Мурат Лабуништи" Струга, ОУ „Славчо Стојменски" Виница, ОУ „Јероним де Рада" Куманово, ОУ „Тодор Јанев" Чашка, ОУ „Кирил и Методиј" во Општина Центар, Скопје, ОУ „Сами Фрашери" с.Глумово и ОУ „Кочо Рацин" Дојран<br><br>Во фаза на изградба се четиринаесет училишни спортски сали во: ОУ „Андон Зако Чајупи" Липково, ОУ „Фаик Коница" Доброште, Теарце, ОУ „Вера Јоциќ" Гази Баба Скопје, ОУ „Фаик Коница" Грешница, Кичево, ОУ „Вера Циривири Трена" Дебреште, Долнени, ОУ „Гоце Делчев", Конче, ОУ „Култура" с.Матејче, општина Липково, ОУ „Јоаким Крчоски" с.Волково, општина Ѓорче Петров, ОУ „Никола Вапцаров" во Струмица, ОУ „Сали Лиси"во Добридол, Врапчиште, ОУ Фаик Коница с.Дебреше, о.Гостивар, ОУ „Александар Здавковски" Јегуновце, ОУ „Битолски конгрес" Чаир и ОУ „7 Март" Опае, општина Липково | |
| **Мерка: Реализирање на обуки за наставниот кадар во основното образование за примена на современи методи за настава**<br><br>Предвидени активности: | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на обучен наставен кадар во основното образование, | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Донесена е Програма за обука на предлог на БРО и истата е имплементирана | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Донесување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Објава на Повик за избор на консултантски компании за подобрување на квалитетот на образование (Improving quality of education – Teacher training) од Акциски документ 2017 | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на квалитетот на наставата преку обука на наставниот кадар во основно образование | Во текот на 2019 година продолжи да се спроведува проектот на Британски совет, со поддршка од МОН, МИОА и БРО „Училишта на 21 век". Проектот меѓудругото опфаќа и обуки за директорите и наставниците за современи методи за настава (дигитални вештини и вештини за критичко размислување и решавање на проблеми). Во првата, втората и третата фаза од проектот со обуки опфатени се 215 училишта и директори и 1351 наставник Во рамки на проектот спроведена е обука за советниците од БРО и инспекторите на ДПИ.<br><br>Реализирани активности во рамки на проектот „Improving quality of education – Teacher training" од ИПА Акциски документ 2017:<br><br>• Формирана е Комисија за евалуација за прва селекција на понуди и изготвен извештај за потесна селекција на компании-изведувачи<br>• Извештајот е одобрен од страна на Делегацијата на ЕУ во Скопје.<br>• Завршена е првата селекција и одбрани се 5 компании до кои е доставена тендерската документација.<br><br>Донесен е нов Закон за наставници и стручни соработници во основните и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019) со кој значително се унапредува професионалниор развој на наставниците и стручните соработници и се воведува модел за нивен кариерен развој (унапредување) | |
| **Мерка: Ревидирање и унифицирање на студиските програми на Педагошките факултети, ревидирање на студиските програми на Факултетите со наставни насоки, ревидирање на моделот за полагање на докфалификација (ППМ)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Потпишување на финасиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019 | **Појдовна основа:** /<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на обучен наставен кадар во основното образование,<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на квалитетот на наставата преку обука на наставниот кадар во основно образование | **Мерката е делумно реализирана.**<br><br>Активностите се во тек (добиени се коментари на програмата од страна на Европска комисија), и се очекува потпишување на финасиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019, во прв квартал на 2020 година | |
| **Мерка: Наградување на најдобрите ученици и нивните наставници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на конкурс за учество на меѓународни натпревари<br>- Формирање на Комисија за разгледување на примените апликации<br>- Исплата на одобрените апликации за меѓународни натпревари<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место | **Појдовна основа /**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на наградени ученици и наставници,<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/** | **Мерката е целосно реализирана.**<br><br>Доделени се парични награди за освоено прво место на државен натпревар, на ученикот и наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од основното образование за државни натпревари организирани во 2019 година (вкупно 62 ментори, 61 ученици во поединечни натпревари и 7 ученици групна награда).<br><br>Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на државни натпревари | | Меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот (три ученици и двајца нивни ментори за учество и освоена награда на меѓународен натпревар, за прво и трет место по математика и прво место по физика) | |
| **Мерка: Намалување на бројот на ученици по паралелка**<br><br>Предвидени активности:<br>- Реорганизација на училиштата | **Појдовна основа** Во некои училишта бројот на ученици во паралелка е поголем од 30, што влијае на квалитетот на наставата<br><br>**Показател за успешност:**<br>Бројот на ученици по паралелка изнесува најмногу до 30 ученици.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на квалитетот на наставата | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Согласно новиот Закон за основно образование, оваа активност е целосно завршена за учениците во прво одделение, од учебната 2019/2020 година (за што се издадени согласности за нови вработувања), и ќе се воведува сукцесивно секоја наредна учебна година, за останатите одделенија | |
| **Мерка: Инклузија на ученици со посебни образовни потреби**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на инклузивни тимови во училиштата<br>- Подготовка на индивидуални наставни планови | **Појдовна основа** Иако ЗОО овозможува инклузија на ученици со попречености, постои потреба од обука на наставниот и стручниот кадар за работа со овие ученици и за изготвување на ИОП<br><br>**Показател за успешност:**<br>Целосна инклузија на учениците со посебни образовни потреби<br><br>**Планиран резултат (одредница на** | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Новиот Закон за соновно образование, предвидува целосна инклузија на учениците со попреченост во редовните училишта. Имено, предвидено е постојните државни основни училишта за ученици со посебни воспитно-образовни потреби да продолжат со работа како основни училишта со ресурсни центри од учебната 2020/2021 година, а постојните посебни паралелки при | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **годишно ниво):**<br>Подобрени услови за инкклузија на учениците со попречености (обуки за наставници и стручни соработници, поддршка во изработка на ИОП_ | основните училишта, продолжуваат со работа како центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост од учебната 2020/2021 година.<br><br>Исто така е предвидено постојните државни основни училишта за ученици со посебни воспитно-образовни потреби да запишуваат ученици до учебната 2022/2023 година.<br><br>Во текот на 2019 година интензивно работеше ноформираното Национално стручно тело, согласно новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете или младинец, базиран на меѓународната класификација на функционирањето –МКФ.<br><br>Националноот стручно тело изврши проценка на околу 250 деца, ученици од посебните училишта, деца кои се на училишна возраст за запишување и сл. и за дел од нив издаде препораки за нивно запишување во редовно училиште со поддршка од образовен и личен асистент.<br><br>Во учебната 2019/2020 ангажирани се вкупни 295 образовни и лични асистенти за учениците со попреченост, вклучени во редовните училишта во соработка со УНДП. Во текот на месец ноември и декември организирани се 5 работилници за образовните (дводневни обуки) и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | личните асистенти (еднодневни обуки).<br><br>Обезбедени се согласности за вработување во училиштата на 8 специјални едукатори и рехабилитатори, 3 педагози и 1 психолог.<br><br>Од страна на БРО и практичари, спроведени се обуки за инклузвно образование (тридневни) со кои се опфатени сите основни училишта од Скопје. Обуките се спроведуваат во рамки на секое училиште, се презентираат измените на Законот за основно образование, Водичот за работа на училишен инклузивен тим и најдобри изклузивни пракси.<br><br>Од страна на училиштата формирани се инклузивни тимови и се изготвуваат индивидуални образовни планови за учениците за кои има потреба.<br><br>Во тек е изготвување на Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент, начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент, како и програмата за обука на образовен/личен асистент, Правилник за начинот на соработка на училиште со ресурсен центар и редовно основно училиште, подзаконски акт за нормативот за образовниот асистент и личниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи, како и а | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Концепцијата за инклузивно образование.<br><br>Делегацијата на ЕУ во Скопје на 13.12.2019 организираше информативна сесија за концептот на Програмата за стипендии за ученици со попреченост на Европската Унија. По финалиизрање на концептот на програмата (се очекува во месец февруари 2020), ќе следи објава на повик | |
| **Мерка: Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици со надмината возрасна граница, ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) и намалување на осипувањето**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовни состаноци на работната група<br>- Внесување на одредба во Законот за основно образование за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани и за ангажирање на ромски образовни медијатори<br>- Изготвување и донесување на соодветни наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно | **Појдовна основа /**<br>Според официјалните податоци, опфатот на ученици во основно образование во Македонија изнесува 90% (+-0,5%) Тоа значи дека околу 10% од училишните обврзници се надвор од образовниот систем<br>**Показател за успешност:**<br>Намален процент на осипувањето во основното образование споредено со минатата учебна година<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/**<br>Подобрување на опфатот на ученици во основно образование | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Континуирано се спроведуваа активностите за имплементација на Проектот „Инклузија на деца кои се надвор од училиштата во образовниот систем", кој го спроведуваат МОН, БРО, Управата и ДПИ во соработка со МЦГО и Фондација „Песталоци", и редовно се одржуваа состаноци на Работната група.<br><br>Во учебната 2019/2020 година, со проектот се опфатени 12 општини и 18 училишта. Во рамки на проектот во основно образование запишани се 159 деца (децата се на возраст од 6 до 13 години)<br><br>Во новиот Закон за основно образование внесена е законска одредба (член 37) за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| образование и програми за проверка на знаењето, согласно новиот ЗОО<br>- Ангажирање на Ромски Образовни Медијатори за поддршка на основното образование на Ромите на локално ниво<br>- Имплементација на редовни активности на терен за идентификување на нередовните ученици и учениците кои се под ризик за осипување<br>- Спроведување на редовни кампањи во населбите каде претежно живеат Роми<br>- Спроведување на редовни средби и работилници со родителите Роми | | и за ослободување од трошоци за еквиваленција на свидетелства на ранливите групи на граѓани (член 154).<br><br>Во новиот Закон за основно образование (член 61) е предвидено дека запишувањето на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница, го врши комисија која ја формира директорот на училиштето. Комисијата е составена од педагог или психолог и два одделенски наставници. Начинот на запишување на учениците, го утврдува министерот, на предлог на Бирото. Подзаконскиот акт треба да се донесе во рок од 6 месеци од стапување во сила на законот, односно до 13.2.2020 година.<br><br>Во член 64 е уредена постапка за известување на просветниот инспектор за незапишани и неоправдано отсутни ученици<br><br>Спроведен е Јавниот повик за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми и донесена е одлука за избор на 22 медијатори, кои ќе започнат со работа од 1.1.2020 година<br><br>Започна со имплементација проект *„Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование“*, кој ќе го спроведува Фондација Отворено општество – Македонија, заедно со своите партнери | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Здружението „Центар за образовна поддршка Дендо вас" и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" а е финансиран од Европската Унија. Проектот ќе се спроведува во следните 3 години (до октомври 2022 година). Проектот, е поддржан од Министерството за образование и наука, и се фокусира на проблемите поврзани со ромските ученици запишани во прво одделение од основното образование, нередовната посета на наставата и послабиот премин во следните одделенија. За таа цел во рамки на проектот, за учебната 2019/2020 година објавен е јавен повик за доделување на вкупно 315 стипендии (за период од три години) за ученици Роми запишани во прво одделение а кои доаѓаат од семејства кои се корисници на социјална помош/гарантирана минимална помош. Висината на стипендиите изнесува 400 евра годишно. | |
| **Мерка: Донесување на Програми за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање, програми за спречување дискриминација и програми за превенција на други облици девијантно однесување и спроведување на наставни и воннаставни активности**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка и донесување на | **Појдовна основа**<br>Во 2018 година, забележани се неколку случаи на врсничко насилство во училиштата<br><br>**Показател за успешност:**<br>Намален број на врсничко насилство во училиштата<br><br>**Планиран резултат (одредница на** | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Во новиот Закон за основно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019, кој започна да се имплементира од учебната 2019/2020 година, внесен е нов проширен член (член 5) за заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| подзаконски акт за начинот на остварување на програмите, од страна на министерот на предлог на Бирото за развој на образование.<br>- Изработка и донесување на програмите од страна на училиштата | **годишно ниво):**<br>Подобрување на квалитетот на наставата преку обука на наставниот кадар во основно образование | Со законот (член 6) се предвидуваат и афирмативни мерки со цел надминување на дискриминација и исклучување на деца и возрасни.<br><br>Со новиот закон, не се предвидени посебни програми кои треба да ги носат училиштата (како што беше предвидено со предлог-законот), во насока на намалување на оптоварувањето на училиштата да носат посебни и голем број на програми.<br><br>Со законот (член 49) е предвидено во рамки на годишната програма за работа, училиштето да планира и: промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација.<br><br>Согласно член 66 од Законот за основното образование во тек е формирање на работна група од страна на Бирото за развој на образованието за подготовка на подзаконскиот акт за постапката за пријавување и заштита на ученикот-жртва од било која форма на насилство, злоупотреба и занемарување. | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Ревизија на наставните програми и учебници во основното образование | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Анализа на наставните содржини со цел нивно растеретување и намалување на оптовареноста на учениците во основното образование**<br><br>Предвидени активности<br>- Донесување на Национален стандард за постигања на учениците за основното образование.<br>- Ревизија/анализа на наставните содржини врз основа на Националниот стандард | **Појдовна основа:**<br>Формирана е работна група што работи на Националниот стандард којшто се базира на клучните компетенции за доживтно учење одредени од Европската комисија (јазична писменост, комуникација на странски јазик, математички, научни и технолошки компетенции, дигитална писменост, учење како да се учи, лични, социјални и граѓански компетенции, претприменички компетенции, културни и интеркултурни компетенции).<br><br>Отпочнати се постапки за изработка на нови учебници<br><br>Отпочната е постапка за ревизија на Законот за учебници за основно и средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесен Национален стандард за постигања на учениците за основното образование<br>Број на подобрени наставни програми за основно образование<br>Број на подобрени учебници во основно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен Национален стандард за постигања на учениците за основното | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Изготвени се предлог Национални стандарди за постигања на учениците за основното образование (кои се предвидени и во новиот Закон за основно образование). кои се темелат на 8-те клучни компетенции за доживотно учење, Во тек се консултациите со ОЕЦД и сите засегнати страни за нивно финализирање.<br><br>Во 2019 година, извршена е ревизија на наставните програми по музичко образование, македонски јазик за заедниците и граѓанско образование за деветто одделение. | |
| **Мерка: Нови наставни програми согласно извршената анализа**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување и донесување на нови наставни програми согласно Националниот стандард базиран на компетенцииите<br>- Воведување на нова наставна програма за граѓанско образование за IX одделение - нов пристап во наставата и учењето на граѓанското образование со активно вклучување на учениците. | | Од септември 2019, се применуваат нови наставни програми по музичко образование, македонски јазик за заедниците и граѓанско образование за деветто одделение. | |
| **Мерка: Унапредување на еднаквите** | | **Мерката е делумно реализирана** | Работната група за Анализа на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **можности на жените и мажите, во наставните програми и учебници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Анализа на содржините на наставните програми и учебниците во основно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр.125/2015) | образование<br><br>Ревизија на настаните програми врз основа на Националниот стандард<br><br>Изработка на учебници по предметите: Информатика за VI одделение, Географија за VIII и IX одделение, босански јазик за прво одделение, Јазик и култура на Ромите (изборен предмет) за VI, VII, VIII и IX одделение, Граѓанско образование за VIII и IX одделение<br><br>Подобрување на постапките за изработка и одобрување на учебници преку измени и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование | Врз основа на новата наставна програма по граѓанско образование за 9-то одделение во основно образование, која започна да се применува од 1 септември 2019 и наставна програма по граѓанско образование за 8-мо одделение во основно образование, која се применува од 1 септември 2018 во тек е постапка за одобрување на нови учебници (во текот на 2017 учебникот „Граѓанско образование" за осмо одделение беше повлечен од употреба бидејќи Комисијата нотираше голем број на елементи на дискриминација кон жената по повеќе основи).<br><br>Согласно Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020 предвидено е воведување на сеопфатно сексуално образование. Работната група формирана во рамки на БРО реализираше неколку средби на кои исцрпно се дискутираа можностите и ограничувањата поврзани со воведувањето на сеопфатно сексуално образование (ССО) во формалниот систем на образование. На 162-та седница, на Владата одржана на 5.11.2019 усвоена е Информација за сеопфатно сексуално образование, согласно која МОН-БРО ќе воведат пилот сексуално образование од учебната 2021/2022 година. | содржините на наставните програми и учебниците во средно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, е координирана од страна на МТСП. Во 2019 година не се закажани/одржани состаноци на работната група. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Реализација на изборен предмет јазик и култура на Ромите, Бошњаците и Власите**<br><br>Предвидени активности:<br><br>- Информирање на родителите/старателите за можноста за избор на предметите јазик и култура на Ромите, Бошњаците и Власите | | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Од учебната 2019/2020 година (септември 2019) воведена е можност за уште два изборни предмета од трето одделение Јазик и култура на Србите и Јазик и култура на Турците, за ученици кои не ја следат наставата на српски односно турски јазик.<br><br>Дополнително, распишан е јавен повик за избор на авторски тим за изготвување на учебниците по предметот Јазик и култура на Ромите – изборен (6., 7.,8. и 9. одд.).<br><br>Во постапка е формирање на комисија за давање мислење по доставени предлози за исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот по предметите:<br>- Јазик и култура на Власите (изборен) за 3-то, 6-то, 7-мо, 8-мо и 9-то одделение,<br>- Јазик и култура на Ромите (изборен) за 3-то одделение<br>- Јазик и култура на Бошњаците (изборен) за 3-то, 4-то, 5-то, 6-то, 7-мо, 8-мо и 9-то одделение | |
| **Мерка: Унапредување на квалитетот на учебниците согласно измените и дополнувањата на Законот за учебници за основно и средно образование** | | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Изготвени се предлог измени на Законот за учебници, кои не се доставени во владина процедура за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br><br>- Измени на Законот за учебници<br>- Објава на конкурси/повици за изработка на нови учебници и/или ревизија на учебници<br>- Објава на конкурси/јавни повици за рецензенти<br>- Набавка на нови учебници - спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки | | усвојување (предвидено во Програма за работа на Владата за 2020 година)<br><br>Во текот на 2019 година, спроведени се голем број конкурси/повици за изработка на нови учебници и/или ревизија на учебници, и конкурси/јавни повици за рецензенти<br><br>Завршена е постапката и одобрени се учебници по предметите: Работа со компјутер и основи на програмирање за четврто одделение, Географија за седмо и осмо одделение, Иновации за деветто одделение, а во фаза на одобрување се учебници по предметот:. општество (4.одд.), информатика (6-то и 7-мо одд.), музичка уметност (од 6-то до 9-то одделение.), граѓанско образование (8. и 9 одд.), работа со компјутер и основи на програмирањето (3-то и 5-то одделение), босански јазик (1-во и 2-ро одд.) и српски јазик (1-во и 2-ро одд.),<br><br>Поради неодобрени учебници, објавени се јавни повици за формирање на авторски тимови за следните учебници: географија (9.одд.), јазик и култура на Ромите – изборен (6., 7.,8. и 9. одд.).<br><br>Во тек е ревизија на учебниците по предметот македонски јазик за петто и шесто одделение | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Завршена е постапката по тендер за услуги за преведување, лектура, стручна редакција, графичко, техничко уредување, печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование и учебниците се доставени до училиштата. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерка: Утврдување на критериуми за награда на најдобрите основни училишта и наградување на истите**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на подзаконски акт (прирачник/упатство) согласно новиот Закон за основно образование | Согласно наодите и препораките од Извештајот на ОЕЦД за системот на оценување во образованиетот во Република Северна Македонија, за ревидирање на предлогот за рангирање на училиштата и наградување на најдобрите училишта, новиот Закон за основно образование не предвидува рангирање и наградување на училиштата врз основа на нивно рангирање (како што беше предвидено во предлог-законското решение) | Иако воведувањето на национално оценување е голем чекор напред за подобро следење на наставните резултати, користењето само на резултатите од оценувањето заради рангирање на училиштата и наградување на одредени наставници не е фер и не го одразува прецизно квалитетот на училиштето. Резултатите треба да се стават во контекст за да се избегне привилегирање на училиштата со ученици од побогати средини. | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН** | | | |
| **Унапредување на квалитетот на наставата по физичко и здравствено образование** | Врз основа на проектот кој се спроведуваше во рамки на Еразмус + Програмата од страна на БРО и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје за воведување на „тандем наставници”, во новиот Закон за основно образование, член 54, став (5) уредено е дека за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение се вклучува и наставник по | Подобрување на физичкото здравје на учениците | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | физичко и здравствено образование. Оваа одредба започна да се применува од учебната 2019/2020 година за генерацијата на ученици кои се запишаа во прво одделение и ќе се воведува сукцесивно секоја наредна учебна година.<br><br>За таа цел за учебната 2019/2020 година, обезбедени се 422 согласности за вработување на наставници по предметот физичко и здравствено образование.<br><br>Во текот на месец септември од страна на БРО и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, спроведена е обука на сите наставници (одделенски и наставници по спорт) кои предаваат во прво одделение, за новиот концепт на наставата. | | |
| **Алатка SELFIE за саморефлексија на училиштата** | Владата на 155-та седница, одржана на 24.9.2019 ја разгледа и усвои Информацијата на Министерството за образование и наука за пилотирање на новата алатка SELFIE (во 4 основни училишта) за саморефлексија на училиштата во однос на користење на дигиталната технологија. Во месец октомври започнаа активноти за изготвување на извештај од пилотирањето на SELFIE алатката Врз основа на Извештајот, ќе се идентификуваат добри праски и ќе се презентираат на регионално ниво (во месец март 2020) | Унапредување на квалитетот на образованието и употреба на дигитални вештини | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Предизвик за кодирање во рамки на програмата „Училишта на 21-от век во Западен Балкан”** | Во рамки на програмата „Училишта на 21-от век“, Британски совет во соработка со МОН организираше Предизвик за кодирање за сите ученици на возраст од 10 до 15 години ( 6-9 одделение) од основните училишта коишто беа опфатени со првиот циклус на обуки. Предизвикот има за цел да да ги инспирира младите да решаваат проблеми од секојдневниот живот во нивните училишта и нивната заедница со помош на компјутер. Предизвикот се реализира со употреба на уредот „Микро:бит“, а учениците смислуваа проект кој соодветствува со Целите за одржлив развој и истражуваа решенија за проблемите од нивното секојдневие.<br><br>Тимот од ОУ ,,Наум Наумовски Борче” од Скопје победи со проектот наречен Паметен град и се однесува на безбедно движење на луѓето со оштетен вид по улиците.<br><br>Второ место освоија учениците од ОУ „Кочо Рацин“ Скопје, а третото им припадна на учениците од ОУ „5-ти Октомври“ од Никуштак.<br><br>Првите две места од националниот натпревар во кодирање ќе имаат можност да учествуваат на регионалниот натпревар што ќе се одржи во рамките на Дигиталниот самит за Западен Балкан во април 2020 година во Тирана. | Унапредување на вештините на учениците за критичко размислување и програмирање/кодирање | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Национална платформа за образование** | Во тек е имплементација на проект „Создавање средина што овозможува подобрување на квалитетот на наставата и учењето преку ко-креирање и иновации“, Во рамки на проектот е предвидено создавање на национална веб платформа за образование, која ќе биде наменета за воспитувачи и наставници кои работат со деца од 3 до 10 годишна возраст. Секој воспитувач, односно наставник има можност да креира своја едукативна активност и истата да биде прикачена на платформата, како и да ги користи дидактичките материјали и игровни активности креирани од други воспитувачи и наставници, а со цел подигнување на креативноста и квалитетот на наставните часови. | Создавање средина што овозможува подобрување на квалитетот на наставата и учењето преку ко-креирање и иновации | |
| **Нов проект за основно образование финансиран со заем од Светска банка - Primary Education Improvement Project** | Започнаа подготвителните активности за нов проект за основно образование финансиран со заем од Светска банка кој ќе се насочи кон Реформа на системот на следење и евалуација на националниот прогрес во учење, Зајакнување на компетенциите на училишното раководство и на наставниците и Подобрување на учењето на ниво на училиште. | Подобрување на квалитетот на основното образование | |

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | „Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија”<br>„Спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран |

<table>
<tr><td></td><td colspan="2">систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство” и „Зголемување на квалитетот на образованието преку негова модернизација и примена на меѓународните и европските стандарди за акредитацијата и евалуацијата”<br><br>Унапредување на квалитетот на средното образование (општо и средно стручно) и на ученичкиот стандард:<ul><li>Подобрување на содржината на средното образование;</li><li>Усогласување на знаењето, вештините и компетенциите на учениците со барањата на пазарот на трудот;</li><li>Модернизација на системот за стручно образование обука и системот за образование на возрасни согласно перспективата за доживотно учење;</li><li>Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование</li><li>Вложување и развој на дигитални вештини</li><li>Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта и ученичките домови (иницијални и континуирани обуки)</li><li>Унапредување на концептот на еднаквост и недискриминација во образовниот систем</li><li>Подобрување на условите за учење и на квалитетот на образованието</li></ul>Подобрување на ученичкиот стандард (спроведување на мерки за млади)</td></tr>
<tr><td>Назив на програма/потпрограма: СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД<br>Потпрограми:<ul><li>Стандарди во средното образование</li><li>Реформи во средното стручно образование</li><li>Унапредување на ученичкиот стандард</li></ul></td><td>Цел на програмата/потпрограмата<br>- Подобрени наставни програми и развиени стандарди на занимање и стандарди на квалификации согласно потребите на пазарот на трудот<br>- Зголемена инклузија на ученици со посебни образовни потреби и ученици од маргинализирани групи<br>- Подобрени инфраструктурни услови во училиштата и</td><td>Одговорен:<br>Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење<br>Одделение за ученички стандард</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ученичките домови<br>- Подобрен ученички стандард | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Стандарди во средното образование | | | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во средните училишта (реконструкција на средни училишта, изградба на нови средни училишта, изградба на училишни спортски сали)**<br><br>Предвидени активности:<br><br>- Донесување на Програма за инвестиции (изградба и реконструкција на средни училишта)<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училишта, изградба на нови училишни спортски сали | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на условите во некои училишта.<br>Има училишта кои немаат училишна спортска сала<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на изградени и реконструирани средни училишта и училишни спортски сали<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени инфраструктурни услови во училиштата преку реконструкција на 3 училишта и изградба на 3 училишни спортски сали | **Мерката е целосно реализирана. Постигнат е (и надминат) планираниот резултат на годишно ниво.**<br><br>Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта („Службен весник" бр.23 од 31.01.2019)<br><br>Завршена е реконструкцијата на две средни училишта: СОУ Ѓошо Викентиев о.Кочани и СОУ Гостивар а во завршна фаза е реконструкција на уште две средни училишта. ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски", Охрид и СОУ Љупчо Сантов, Кочани.<br><br>Завршена е изградба на три училишни спортски сали во СУГС „Сарај", СОУ „Нико Нестор" - Струга и СОУ „Св.Наум Охридски" – Охрид. Во фаза на изградба е училишна спортска сали во СОУ Наце Буѓони – Куманово. | |
| **Мерка: Реализирање на обуки за наставниот кадар во средното** | **Појдовна основа** | **Мерката е целосно реализирана** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **образование за примена на современи методи за настава и воспитување, согласно ЕУ практиките и Македонската рамка на квалификации**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Објава на Повик за избор на консултантски компании за подобрување на квалитетот на образование (Improving quality of education – Teacher training) од Акциски документ 2017<br>- Обуки за реформираните наставни програми во средно стручно образование (техничко) | Постои потреба од подобрување на условите во некои училишта.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на обучен наставен кадар во средното образование,<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на квалитетот на наставата преку обука на наставниот кадар во средно образование | Донесена е Програма за обука на предлог на БРО и истата е имплементирана<br><br>Во третиот квартал спроведени се обуки со 1500 наставници од прва година од средното стручно техничко образование (за реформираните наставни програми за општо-образовни и стручни предмети)<br><br>Во четвртиот квартал спроведена е обука за наставниците од средно стручно образование, за реализирање на феријална пракса.<br><br>Реализирани активности во рамки на проектот „Improving quality of education – Teacher training" од ИПА Акциски документ 2017:<br><br>• Формирана е Комисија за евалуација за прва селекција на понуди и изготвен извештај за потесна селекција на компании-изведувачи<br>• Извештајот е одобрен од страна на Делегацијата на ЕУ во Скопје.<br>• Завршена е првата селекција и одбрани се 5 компании до кои е доставена тендерската документација.<br><br>Донесен е нов Закон за наставници и стручни соработници во основните и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019) со кој значително се унапредува професионалниор развој на наставниците и стручните соработници и се воведува модел за нивен кариерен развој (унапредување) | |
| **Мерка: Ревидирање на студиските програми на Факултетите со наставни насоки, ревидирање на моделот за полагање на докфалификација (ППМ)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Потпишување на финасиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019 | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на условите во некои училишта.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на обучен наставен кадар во средното образование,<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на квалитетот на наставата преку обука на наставниот кадар во средно образование | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Активностите се во тек (добиени се коментари на програмата од страна на Европска комисија), и се очекува потпишување на финасиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019, во прв квартал на 2020 година | |
| **Мерка: Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, во наставните програми и учебници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Анализа на содржините на наставните програми и учебниците во средно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на | **Појдовна основа**<br>Има недостаток од учебници во средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвување на нови учебници во средно образование | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Врз основа на новата наставна програма по граѓанско образование за 1-ва година во средно образование, во тек е постапка за нов учебник (формиран е авторски тим за изготвување на учебник).<br><br>Направена е корекција на учебникот по Етика за 3-та година средно образование, по добиени забелешки од Комисија за заштита од дискирминација | Работната група за Анализа на содржините на наставните програми и учебниците во средно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, е координирана од страна на МТСП. Во 2019 година не се закажани/одржани состаноци на работната група. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија” бр.125/2015) | | Утврдена е дискриминаторска содржина во учебникот по Соцвиологија за втора година во средно образование. Забелешки за овој учебник беа доставени од Бирото за развој на образованието, по барање на МОН за проверка на содржината на учебниците со цел осовременување на истите, особено на оние кои се користат во гимназиското образование (бидејќи се одобрени во периодот од 2001 до 2006 година).<br><br>Планот на Педагошката служба за ревизија на учебниците го содржи и овој учебник, односно до почетокот на учебната 2020/2021 година содржината на истиот ќе биде соодветно изменета и по повторното печатење учебникот ќе биде дистрибуиран до училиштата.<br><br>Согласно Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020 предвидено е воведување на сеопфатно сексуално образование. Работната група формирана во рамки на БРО реализираше неколку средби на кои исцрпно се дискутираа можностите и ограничувањата поврзани со воведувањето на сеопфатно сексуално образование (ССО) во формалниот систем на образование. На 162-та седница, на Владата одржана на 5.11.2019 усвоена е Информација за сеопфатно сексуално | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | образование, согласно која МОН-БРО ќе воведат пилот сексуално образование од учебната 2021/2022 година. | |
| **Мерка: Наградување на најдобрите ученици и нивните наставници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на конкурс за учество на меѓународни натпревари и научни олимпијади<br>- Формирање на Комисија за разгледување на примените апликации<br>- Исплата на одобрените апликации за меѓународни натпреаври и олимпијади<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на условите во некои училишта.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на наградени ученици и наставници<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е целосно реализирана.**<br><br>Доделени се парични награди за освоено прво место на државен натпревар, на ученикот и наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот средното образование за државни натпревари (пристигнати се барања за исплата на парична награда за освоено прво место за 124 лица (наставници и ученици). За 63 лица направени се решенија и тоа за 49 лица позитивни а за 14 лица негативни. За останатите барања, во тек е постапка на проверка).<br><br>Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на Меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот (за учебната 2018/2019 години пристигнати се 31 барање).<br><br>По однос на Повикот за доделување парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади, пристигнати се вкупно 7 пријави од ученици и 7 пријави од | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | наставници/ментори. Од нив одобрени се апликациите за 6 ученици и за 5 наставници. | |
| **Мерка: Инклузија на ученици со посебни образовни потреби**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на инклузивни тимови во училиштата<br>- Подготовка на индивидуални наставни планови | **Појдовна основа**<br>Иако ЗСО овозможува инклузија на ученици со попречености, постои потреба од обука на наставниот и стручниот кадар за работа со овие ученици и за изготвување на ИОП<br><br>**Показател за успешност:**<br>Зголемен број на инклузирани ученици со посебни образовни потреби<br><br>Број на обучени наставници и стручни сработници за изработка на ИОП<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени услови за инклкузија на учениците со попречености (обуки за наставници и стручни соработници, поддршка во изработка на ИОП_ | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Во текот на 2019 година интензивно работеше ноформираното Национално стручно тело, согласно новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете или младинец, базиран на меѓународната класификација на функционирањето –МКФ.<br><br>Националноот стручно тело изврши проценка на околу 250 деца, ученици од посебните училишта, деца кои се на училишна возраст за запишување и сл. и за дел од нив издаде препораки за нивно запишување во редовно училиште со поддршка од образовен и личен асистент.<br><br>Во учебната 2019/2020 ангажирани се вкупни 295 образовни и лични асистенти за учениците со попреченост, вклучени во редовните училишта во соработка со УНДП. Во текот на месец ноември и декември организирани се 5 работилници за образовните (дводневни обуки) и личните асистенти (еднодневни обуки).<br><br>Од страна на училиштата формирани се инклузивни тимови. Активностите за подготвување на индивидуални | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | наставни планови, континуирано се спроведуваат (во зависност од личните потреби и можности на учениците со попреченост запишани во средните училишта).<br><br>Во тек е изготвување на Концепција за инклузивно образование.<br><br>МОН додели стипендии за учениците со попреченост, за учебната 2019/2020 година (вкупно 87 стипендии)<br><br>Делегацијата на ЕУ во Скопје на 13.12.2019 организираше информативна сесија за концептот на Програмата за стипендии за ученици со попреченост на Европската Унија. По финалиизрање на концептот на програмата (се очекува во месец февруари 2020), ќе следи објава на повик | |
| **Мерка: Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) и намалување на осипувањето**<br><br>Предвидени активности:<br>- Внесување на одредба во Законот за средно образование за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани<br>- Доделување на стипендии за | **Појдовна основа**<br>Закон за средно образование донесен во 1995 година, со 33 измени<br>Постои потреба од подобрување на условите во некои училишта.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Намален процент на осипувањето во средното образование споредено со минатата учебна година<br><br>Донесен нов Закон за средното образование | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Целосно е спроведен конкурсот за доделување на стипендии за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта.<br><br>Во учебната 2019/20 година се доделуваат вкупно 880 стипендии за средношколци Роми во пет категории.<br><br>Не е направена измена на Законот за средно образование, во насока на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ученици Роми за учебната 2019/2020<br>- Доделување на стипендии за ментори и тутори за ученици Роми за учебната 2019/2020 | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** Намалување на процент на осипувањето во средното образование споредено со минатата учебна година | ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани (предвидено во 2020 година) | |
| **Мерка: Унапредување на квалитетот на учебниците согласно измените и дополнувањата на Законот за учебници за основно и средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Измени на Законот за учебници<br>- Објава на конкурси/повици за изработка на нови учебници и/или ревизија на учебници<br>- Објава на конкурси/јавни повици за рецензенти<br>- Набавка на нови учебници - спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки | **Појдовна основа**<br>Има недостаток од учебници во средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвување на нови учебници во средно образование | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Изготвени се предлог измени на Законот за учебници, кои не се доставени во владина процедура за усвојување (предвидено во Програма за работа на Владата за 2020 година)<br><br>Во текот на 2019 година, спроведени се голем број конкурси/повици за изработка на нови учебници и/или ревизија на учебници, и конкурси/јавни повици за рецензенти<br><br>Одобрени се 34 нови учебника за средно обрзование, а во постапка на одобрување се 67 нови учебници за средно образование.<br><br>Поради неодобрени учебници, објавени се јавни повици за формирање на авторски тимови за следните учебници: Ликовна уметност за I година средно стручно четиригодишно образование, Текстил, кожа и други сектори, Текстилно кожарски суровини, Основи на дизајн, Естетика за образовниот профил:Техничар за обувки, Естетика за образовниот профил: техничар за изработка на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | облека, Современи технологии на економските сектори на пазарот на трудот, Хигиена и екологија, Лични услуги и другите сектори на квалификација, Оптика, Земјоделство, рибарство и ветеринарство и други сектори на квалификации, Хигиена и безбедност на храна, Латински јазик за здравствена струка, Систем на здравствена и социјална заштита, Текстил, кожа и други сектори, Естетика за образовниот профил:Техничар за обувки, Естетика за образовниот профил: техничар за изработка на облека, Современи технологии на економските сектори на пазарот на трудот, Хигиена и екологија, Лични услуги и другите сектори на квалификација, Оптика и Оптички материјали<br><br>Завршена е постапката по тендер за услуги за преведување, лектура, стручна редакција, графичко, техничко уредување, печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование и учебниците се доставени до училиштата. | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Реформа на средното стручно образование | | | |
| **Мерка: Изготвување на модуларни наставни програми базирани на резултати од учење во средно стручно образование** | **Појдовна основа**<br>Изработени се сите 52 стандарди на квалификации за техничко образование и истите се разгледуваат | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Врз основа на Методологија за изработка на модуларни наставни програми базирани на резултати од | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br><br>- Изготвување на модуларни наставни програми базирани на резултати од учење за општо-образовните предмети за втора, трета и четврта година<br>- Изготвување на модуларни наставни програми базирани на резултати од учење за стручните предмети во средно стручно образование (техничко) за останатите 49 квалификации од прва до четврта година - | од страна на секторските комиси за квалификации, по што ќе бидат усвоени од страна на Националниот одбор за НРК.<br><br>Изготвена е и донесена од министерот, Методологија за изработка на модуларни наставни програми базирани резултати од учење.<br><br>Изработени се нови модуларно дизајнирани наставни програми, базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за стручните предмети од прва до четврта година, за трите пилот квалификации: градежен техничар, хотелско - угостителски техничар и електротехничар за компјутерска техника и автоматика.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на донесени наставни планови и модуларни наставни програми базирани на резултати од учење<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изработка и донесување на нови модуларно дизајнирани наставни програми, базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени, за стручните предмети за сите 4 години од техничко образование за останатите 49 квалификации | учење, изработени и донесени се нови наставни програми за средно стручно техничко образование.<br><br>Од учебната 2019/2020 година (септември 2019) во сите средни стручни училишта во прва година (за сите 52 квалификации), започнаа да се применуваат новите реформирани модуларни наставни програми, со ЕЦВЕТ кредити, базирани на резултати од учење (за стручните и за општо-образовните предмети). За таа цел донесени се 79 нови наставни програми за стручните предмети и 19 нови наставни програми за општо-образовните програми за прва година.<br><br>Изготвени и донесени се 209 наставни програми за стручните предмети и 16 нови наставни програми за општо-образовните програми за втора година.<br><br>414 наставни програми за стручните предмети и 25 нови наставни програми за општо-образовните програми за трета година<br><br>и 389 програми за стручните и општообразовните предмети за четврта година за сите 52 квалификации. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Изработка и донесување на нови модуларно дизајнирани наставни програми, базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени, за општо-образовните предмети за 2, 3 и 4 година од техничко образование. | | |
| **Мерка: Набавка на потребна опрема во средните стручни училишта за сите квалификации опфатени во еден сектор**<br><br>Предвидени активности:<br>- Завршување на постапката за набавка на опрема за секторот: земјоделство, рибарство и ветеринарство<br>- Објавување на јавен повик/ци за набавка на опрема за останатите сектори, согласно потребите | **Појдовна основа**<br>Опремата која се користи во средните стручни училишта е застарена<br><br>**Показател за успешност:**<br>Набавена потребна опрема во средните стручни за сите квалификации опфатени во еден сектор<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Набавена потребна опрема во средните стручни училиша | **Предвидените активности за 2019 година се целосно реализирани**<br><br>Набавена е опрема за средните стручни училишта. Испорачана е целокупната опрема за училиштата од секторот-Земјоделство, рударство и ветеринарство, од секторот Градежништво и геодезија, од секторот Графичарство, од секторот Економија , право и трговија и од секторот Угостителство и туризам. | |
| **Мерка: Регионални центри за стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Воведување на законска одредба за формирање/основање на Регионалните центри<br>- Критериуми за определување на Регионални центри за стручно образование<br>- Отпочнување на активности за техничко опремување | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Предвидените активности за 2019 година се целосно реализирани**<br><br>Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 од 27.12.2019) со кој е даден законски основ за основање на регионалните центри и утврдени се трите регионални центри (во полошки, североисточен и југозападен регион).: Средното стручно општинско | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | училиште „Киро Бурназ“ – Куманово, Средното општинско стручно училиште „Моша Пијаде“ - Тетово и Општинското угостителско-туристичко училиште „Ванчо Питошески“ -, Охрид<br><br>Консултантот, ангажиран за процена на состојбата на објектите на средните стручни училишта и потребите од нивно реновирање или адаптирање, , ги посети трите средни стручни училишта кои треба да прераснат во Регионални центри и изготви извештаи со препораки. | |
| **Мерка: Учење преку работа и пилотирање на дуално стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвувањето на Концепт за учење преку работа, во соработка со ETF<br>- Изработка на посебните стандарди за опрема и просторни услови кај работодавачи, за избрани приоритетни квалификации<br>- Изработка и донесување на наставни програми за дуално стручно образование, за втора година | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Изработен концепт за учење преку работа<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрувањена практичната работа на учениците | **Предвидените активности за 2019 година се делумно реализирани**<br><br>Концептот за учење преку работа е финализиран (не е формално усвоен). По донесување на Концептот истиот ќе биде реализиран со поддршка од Проектот „Образование за вработување (E4E@mk)”, во чии рамки ќе бидат изработени и Посебните стандарди за опрема и просторни услови кај работодавачи<br><br>Во учебната 2019/2020 година, дуално стручно образование се спроведува во седум стручните училишта, за три профила<br><br>Потпишан е Меморандум за разбирање и соработка помеѓу МОН, БРО, ЦССО и Здружение Џуниор ачивмент Македонија, за имплементација на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | проектот „Поддршка на претприемничко образование во Европа и Евроазија”<br><br>На 5.12.2019 конституиран е новиот состав на Одборот за Национална рамка на квалификации. | |
| **Мерка: Мобилност на наставници и ученици од средно стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Учество на средните стручни училишта на јавните повици од Националната агенција за европски образовани програми и мобилност | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на практичната работа на учениците | **Предвидените активности за 2019 година континуирано се спроведуваа**<br><br>Објавен е повик за поднесување апликации од Еразмус+ КА2 акцијата во рамки на кој се поддржуваат активности за партнерство и мобилност во стручното образование и обука – КА202).<br><br>Објавен е повик на Европската комисија – Директорат за образование, млади, спорт и култура за апликации за мобилност во стручното образование и обука Главната цел на овој пилот повик е да придонесе кон подобрување и модернизација на системите за стручно образование и обука во земјите кандидатки за членство во ЕУ и Африка, како и да ја зајакне врската помеѓу стручното образование и пазарот на трудот.<br><br>Од страна на Националната агенција спроведен е јавен повик за избор на тројца (3) наставници за учество на PDW (eTwinning Professional Development Workshop) на тема“Digital | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Competences & IT Didactics” во Виена - Австрија од 11-13 декември<br><br>Националната агенција одржа серијата на обуки и работилници за училиштата<br><br>На 13.11.2019 објавен е Јавен повик за предлог-проекти 2020 –EAC/A02/2019, за акците КА1, КА2, КА3 и Жан Моне<br><br>Во организација на Европската комисија и Националната агенција за образование од Финска, во периодот од 14 до 18 октомври се одржа Неделата на стручни вештини во Хелсинки, Финска. | |
| **ПОТПРОГРАМА 3**: Унапредување на ученичкиот стандард | | | |
| **Мерка: Донесување/ имплементација на Закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Законот од страна на Собранието на Република Македонија<br>- Имплементација на Законот – доделување на средства на ученичките домови | **Појдовна основа**<br>Законот за ученички стандард не дава можносот за дополнителна инансиска поддршка на ученичките домови кои се соочуваат со потешкотии во својата работа<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесен Закон за изменување и дополнување на Закон за ученички стандард<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за ученичкиот стандард во насока на дополнителна финансиска поддршка на ученичките | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/2019 од 30.01.2019). Со измените на Законот се дава основ, министерството да доделува дополнителни финансиски средства на ученичките домови<br><br>На предлог на МОН, од страна на Владата на седницата одржана на 18.6.2019 година, донесени се Одлуки за доделување финансиски средства на ученичките домови „Браќа Миладиновци“ – Струга, „Бранко Станоевиќ “ – Гостивар, „Боро Менков“ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | домови. | – Крива Паланка, „Лазар Лазаревски“ – Велес, „Професор Мијалковиќ“ Куманово и „Крсте П. Мисирков“ – Кавадарци.<br><br>Владата на 166-та седница, одржана на 19.11.2019 донесе Одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Кочо Рацин“ Свети Николе<br><br>Владата на 169-та седница, одржана на 10.12.2019 донесе Олдука за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ “ – Гостивар<br><br>Владата на 171-та седница, одржана на 16.12.2019 донесе Олдуки за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД Димитар Влахов – Струмица, на Државен ученички дом „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод, на општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово и Државниот ученички дом „Кочо Рацин“ Битола | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во ученичките домови (реконструкција на ученички домови) и набавка на мебел**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Програма за ученички стандард<br>- Распределба на мебелот по ученичките домови, согласно завршената постапка за набавка на целосно нов мебел | **Појдовна основа**<br>Опремата (мебелот) во ученичките домови е застарен<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на реконструирани ученички домови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на условите за престој на | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Донесена е Програма за унапредување и развој на ученичкиот стандард за 2019 година („Службен весник на Република Македонија” бр.23 од 31.01.2019)<br><br>Набавен е мебел во вредност од 50 милиони денари за сите ученички домови. Мебелот е распределен по сите ученички домови, во текот на вториот | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за сите ученчки домови<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки за реконструкција на ученички домови<br>- Реконструкција на ученички домови | ученици во ученичките домови | квартал.<br><br>Донесен е План за јавни набавки за 2019 година во кој е вклучена реконструкција на ученилкиот дом во Свети Николе (бр.10-1428 од 31.01.2019 год.)<br><br>Согласно Законот за јавни набавки на 8.05.2019 донесена е одлука за поништување на јавната набавка за реконструкција на СОУ Кочо Рацин, Свети Николе - земјоделско училиште (со ученички дом, кој е во состав на училиштето)<br>Имајќи предвид дека со ребалансот на буџетот во 2019, не се предвидени средства за оваа намена, постапката ќе биде спроведена во 2020 година. | |
| **Мерка: Реализирање на обуки за воспитниот кадар во ученичките домови за примена на современи методи за настава и воспитување**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Објава на Повик за избор на консултантски компании за подобрување на квалитетот на образование (Improving quality of education – Teacher training) од Акциски документ 2017 | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на обучен воспитен кадар во ученичките домови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на условите за престој на ученици во ученичките домови | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Бирото за развој на образованието, во соработка со Програмата за мировно образование при Првата детска амбасада во светот – „Меѓаши“ организираше втора обука за воспитувачите од ученичките домови, на тема „Основен тренинг за мировно образование и градење мир“. Обуката се одржа од 28 до 30. 03. 2019 г. Целта на обуката беше запознавање на воспитувачите со мировното образование и градењето на мирот, за да можат со учениците да спроведуваат воспитно-образовни активности на соодветните теми. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во текот на обуката низ вежби беа разработени темите за ненасилна комуникација, тимска работа, насилство, конфликти, педагошки насоки за изведување активности од областа на мировното образование во ученичките домови, размена на педагошки и воспитни искуства помеѓу воспитувачите/стручните работници од домовите во земјата, во кои се згрижени учениците од средно образование.<br><br>Реализирани активности во рамки на проектот „Improving quality of education – Teacher training" од ИПА Акциски документ 2017:<br><br>• Формирана е Комисија за евалуација за прва селекција на понуди и изготвен извештај за потесна селекција на компании-изведувачи<br>• Извештајот е одобрен од страна на Делегацијата на ЕУ во Скопје.<br>• Завршена е првата селекција и одбрани се 5 компании до кои е доставена тендерската документација. | |
| **Мерка: Систем на стипендирање на ученици (талентирани ученици, ученици од социјално ранливи категории, ученици Роми, ученици на Спортска академија, ученици со** | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Доделени стипендии за ученици | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Владата на Република Северна Македонија ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **посебни образовни потреби......)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Одлука за видот и износот на ученичките стипендии од страна на Владата на Р Македонија<br>- Објавување на Конкурс за доделување на ученички стипендии за учебната 2019/2020, Конкурс за стипендии за Спортска академија и Конкурс за музички инструменти<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Континуирана поддршка на учениците преку систем на стипендирање | и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта за учебната 2019/2020 година и истата е објавена во Службен весник бр.138/2019 од 8.7.2019 година.<br><br>На 27.9.2019 објавен е Конкурсот за доделување на ученички стипендии, на интернет страницата на МОН.<br><br>На 30.10.2019 објавени се резултатите од Конкурсот за доделување на стипендии на ученици од Спортска академија (доделени се 159 стипендии) за учебната 2019/2020 година<br><br>На 5.11.2019 објавени се резултатите од Конкурсот за доделување на стипендии на ученици со посебни потреби (доделени 81 стипендија), ученици – деца без родители и родителска грижа (доделени 19 стипендии) и ученици кои реализираат наставна програма од туристичко-угостителска струка (доделена е 1 стипендија) за учебната 2019/2020 година<br><br>На 26.11.2019 објавени се резултатите од Конкурсот за доделување на стипендии за талентирани ученици (117 стипендии) и стипендии за талентирани ученици спортисти (104 стипендии).<br><br>На 6.12.2019 објавени се резултатите од | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Конкурсот за доделување на 6 дополнителни стипендии на ученици со посебни потреби и на ученици од социјално ранливи категории (411 стипендии).<br><br>На 28.10.2019 објавен е Конкурсот за доделување на стипендии за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Донесување/ имплементација на нов Закон за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Усогласување на текстот на Законот со сите релевантни чинители и со НРК<br>- Донесување на Законот за средно образование од страна на Собранието на Република Македонија<br>- Имплементација на Законот – донесување на подзаконските акти | Изготвена е предлог верзија на Законот за средно образование, која ќе биде усогласена и со новите измени на Законот за основно образование и сите релевантни чинители. Предвидено е во Програмата за работа на Владата за 2020 година | | |
| **Инвестирање во техничките услови (набавка на интерактивни табли и компјутери), лаборатории за средните училишта**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки | Не се спроведени постапки, согласно Планот за јавни набавки на МОН за 2019 година, за набавка на интерактивни табли и лаборатории за средните училишта | Неспроведувањето на набавките ќе влијаие на квалитетот на наставата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Спроведување на постапки согласно ЗЈН<br>- Избор на компании за набавка на интерактивни табли и лаборатории за средните училишта | | | |
| **Опсерваторија на вештини**<br><br>Предвидени активности:<br>- Оперативна Опсерваторијата на вештини | Нов Закон за средно не е донесен, истиот е предвиден да се донесе во 2020 година.<br><br>По донесување на законот ќе се започне со преземање на податоци. | Опсерваторијата на вештини е значајна алатка за следење на потребите на пазарот на трудот и измена/усогласување на наставните планови и програми согласно потребите на пазарот | Донесување на измените на законските решенија со цел Опсреваторијата на вештини да може да отпочне со функционирање |
| **Утврдување на критериуми за награда на најдобрите средни училишта и наградување на истите**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на подзаконски акт (прирачник/упатство) согласно новиот Закон за средно образование | Согласно наодите и препораките од Извештајот на ОЕЦД за системот на оценување во образованиетот во Република Македонија, во делот на ревидирање на предлогот за рангирање на училиштата и наградување на најдобрите училишта, не се предвидува рангирање и наградување на училиштата врз основа на нивно рангирање | Иако воведувањето на национално оценување е голем чекор напред за подобро следење на наставните резултати, користењето само на резултатите од оценувањето заради рангирање на училиштата и наградување на одредени наставници не е фер и не го одразува прецизно квалитетот на училиштето. Резултатите треба да се стават во контекст за да се избегне привилегирање на училиштата со ученици од побогати средини. | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН:** | | | |
| **Алатка SELFIE за саморефлексија на училиштата** | Во месец октомври започнаа активности за изготвување на извештај од пилотирањето на SELFIE алатката за саморефлексија на училиштата во однос на користење на дигиталната технологија во 8 средни училишта). Врз основа на Извештајот, ќе се идентификуваат добри праски и ќе се | Унапредување на квалитетот на образованието и употреба на дигитални вештини | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | презентираат на регионално ниво (во месец март 2020) | | |
| **Кампања за средно стручно образование** | Пред започнување на уписите во средните стручни училишта, МОН започна кампања за промоција на средното стручно образование како вистински избор за младите.<br><br>Слоганот на кампањата е „Одбери стручно, средно што е вредно!“<br><br>Тоа подразбира избор на стручно образование кое нуди многу поголема веројатност за брза транзиција од образование кон работа, како и добра основа за оние кои наместо веднаш да се вработат, ќе одлучат да продолжат да се надградуваат на некој факултет по завршување на средното училиште<br><br>Во четвртиот квартал (на 25 октомври) започна имплементација на нова Кампањата „Снајди се со стручно!“, која ја имплементираат МОН, МТСП, Кабинет на заменик претседател на Владата, ФИТР и партнери донатори (УСАИД, Хелветас, УНДП...) . | Преку кампањата се информира за сите новини поврзани со средното стручно образование, што тоа нуди, за новите наставни програми, образовни профили, за инвестициите во условите во средните стручни училишта и слично. Преку кампањата се влијае и на родителите, да не ги убедуваат децата да избираат образование кое потоа нема да им донесе работно место.<br>Со кампањата, со факти, се разбиваат одредени митови поврзани со средното стручно образование кои неправедно се провлекуваат низ годините и генерациите од типот дека со средно стручно нема иднина, ученикото потоа не може да се вработи, а ако се вработи ќе добива ниски плати и слично. | Продолжување на кампањата |

<table>
<tr>
<td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:<br><br>Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:</td>
<td colspan="2">„Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија”<br>„Приближување на знаењето на учениците/студентите до барањата на пазарот на трудот и унапредување на соработката меѓу високообразовните институции, истражувачките центри, приватниот сектор и јавните институции”, „Зголемување на квалитетот на образованието преку негова модернизација и примена на меѓународните и европските стандарди за акредитацијата и евалуацијата”, „Зголемување на ефикасноста и транспарентноста преку нов начин на управување и финансирање на универзитетот со почитување на неговата автономија и достоинството на професорите, нивна целосна одговорност за функционирање на високото образование според уставните и законските одредби во функција на зголемување на негова ефикасност и транспарентност” и „Подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата”<br>Подобрување на квалитетот на високото образование и студентскиот стандард:<ul><li>Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование;</li><li>Реформирање на системот на финансирање на високо-образовните установи;</li><li>Унапредување на системот на управување на високо-образовните установи</li><li>Подобрување на студентскиот стандард (спроведување на мерки за млади)</li></ul></td>
</tr>
<tr>
<td>Назив на програма/потпрограма: ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД<br><br>Потпрограми:<ul><li>Унапредување на квалитетот на високото образование</li><li>Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование</li></ul></td>
<td>Цел на програмата/потпрограмата<br>- Квалитетно високо образование<br>- Еднаков пристап на студентите (студенти со посебни образовни потреби , студенти од ранливи категории...)<br>- Подобрени инфраструктурни</td>
<td>Одговорен:<br>Сектор за високо образование, образование<br>Одделение за студентски стандард</td>
</tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Унапредување на студентскиот стандард | | услови во високо-образовните установи и студентските домови<br>- Подобрен студентски стандард и зголемена мобилноста на студентите | |
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Унапредување на квалитетот на високото образование | | | |
| **Мерка: Основање на Агенција за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование и Одбор за евалуација на високото образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Номирање на членови во Одборот за акредитација и Одборот за евалуација од страна на релевантните институции<br>- Службата за општи и заеднички работи при Влада на Република Македонија да обезбеди просторни услови (најмалку 300 м2) за работа на Агенцијата за квалитет на високото образование<br>- Избор на Директор на Агенцијата | **Појдовна основа**<br>Со новиот Закон за високо образование се предвидува основање на Национален совет за високо образование, Агенција за квалитет во високото образование, одбор за акредитација и Одбор за евалуација како органи кои значително ќе го подобрат квалитетот на високото образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Основана е Агенција за квалитет во високото образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Основање на новите тела за подобрување на квалитетот на високото образование | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>На седницата одржана на 25.12.2019, Собранието именуваше директор на Агенцијата за квалитет.<br><br>Во однос на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација, доставени се номинации од МАНУ, студентите и најрепрезентативната организација на работодавачи,<br><br>Се уште се чекаат номинациите од Интеруниверзитетска конференција (која има реобјавен повик за дел од наставните области). Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), донесе решение за суспендирање на сите одлуки донесени од Интеруниверзитетска конференција како и министерот да ги поништи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Упис во Регистар и основање на Агенцијата<br>- Вработување на кадар во Агенцијата<br>- Свикување на конститутивната седница на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација, од страна на министерот | | одлуките за избор на членови во Националниот совет за високото образование, одборот за акредитација и одборот за евалуација.<br><br>Од страна на Службата за општи и заеднички работи при Влада на Република Северна Македонија, нема пристигнато службен допис за обезбедување просторни услови (најмалку 300 м2) за работа на Агенцијата за квалитет на високото образование. | |
| **Мерка: Рангирање на универзитетите запишани во регистарот на високообразовни установи и рангирање на сите самостојни научни установи кои вршат високообразовна дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на подзаконски акт за начинот и постапката на рангирање<br>- Донесување на план за јавни набавки<br>- Спроведување на постапка согласно ЗЈН за избор на правно лице за спроведување на постапката за рангирање<br>- Рангирање на универзитетите | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Правилникот за критериумите и начинот на рангирање на универзитетите (врз основа на член 58 став (9) од Законот за високото образование) е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.. 135/2019 од 2.7.2019<br><br>Во Планот за јавни набавки на МОН за 2019 година, предвидена е постапка за избор на правно лице за спроведување на постапката за рангирање.<br><br>На 22.8.2019 г. објавена е јавна набавка за рангирање на високообразовните установи, согласно Законот за јавни набавки.<br><br>На 09.10.2019 донесена е Одлука за поништување на постапката за јавна | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | набавка за рангирање на високообразовните установи, согласно Законот за јавни набавки (објавена на 22.08.2019), бидејќи на постапката не се пријави ниту еден понудувач | |
| **Мерка: Изработка на интегриран софтвер и база на податоци за високо образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Поврзување на софтверот и базите со сите високо-образовани установи | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност**:<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Тендерската спецификација за развој на софтверот е изготвена и објавен е јавен повик за доставување на понуди за развој на софтверот во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" и на веб страната на МОН. Јавното отварање на доставените понуди е на 8 јануари 2020.<br><br>По изборот на најсоодветна понуда ќе се започне со развој на софтверот. | Софтвреот се очекува да биде завршен до јуни 2020 година |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование | | | |
| **Мерка: Донесување на статутите на високо-образовните установи, во кои е уреден новиот модел на управување**<br><br>Предвидени активности:<br>- Давање на мислење од страна на МОН<br>- Разгледување на статутите од страна на Владата<br>- Согласност на статутите од страна на Собранието | **Појдовна основа**<br>Новиот Закон за високо образование, прддвидува и нов начин на управување на високо-образовните установи, поради што во тек е усогласување на статутите на универзитетите.<br><br>**Показател за успешност**:<br>Воведен е нов, поефикасен и потранспарентен начин на управување со универзитетот;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Воведен нов модел на управување на | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Статутите на јавните високо-образовни установи се целосно усогласени со Законот за високо образование (со новиот модел на управување) и за истите е добиена согласност од страна на Собранитео | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | високо-образовните установи (преку донесување на нови статути) | | |
| **Мерка: Утврдување на нов модел за финансирање на високообразовните установи**<br><br>Предвидени активности:<br>- Јавна трибина/ консултации во високо-образовните установи за предлог-моделите за финансирање предложени од консултанот ангажиран во рамки на СКИЛС Проектот. | **Појдовна основа**<br>Високо-образовните установи во Република Македонија се финансираат според застарена Уредба<br><br>**Показател за успешност:**<br>Променет е системот на финансирање на високо-образовните установи (донесена е Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование);<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Одобрен нов модел за финансирање на високо-образовните установи | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Во јануари, 2019 година, меѓународниот консултант ангажиран за утврдување на нов модел за финансирање на високо-образовните установи го достави Извештајот со предлог модел за финансирање на високото образование. Во периодот од 12-15 февруари консултантот имаше средба со министерот за образование и наука и претставници од Министерството за финансии.<br><br>На 13.02.2019 година, се одржа работилница на која беше презентиран предлог новиот модел за финансирање на високото образование пред ректорите и проректорите на државните универзитети.<br><br>Извештајот за предлог на нов модел за финансирање на високото образование е испратен до претставници на универзитетите и претставници од МФ, кои имаа рок до 20.03.2019 година, да достават коментари и сугестии.<br><br>Во однос на постапката за ангажирање на консултант за “performance contracts” постапката се уште не завршена, бидејќи не се добиени доволни изјави за интерес. | |
| | | | |

| **ПОТПРОГРАМА 3:** Унапредување на студентскиот стандард | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Донесување/ имплементација на Закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Законот од страна на Собранието на Република Македонија<br>- Имплементација на Законот – донесување и/или изменување на подзаконски акти | **Појдовна основа**<br>/<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесен Закон за изменување и дополнување на Закон за студентски стандард<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за студентскиот стандард. | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/2019 година од 30.01.2019)<br><br>Врз основа на измените на Законот донесен е нов Правилник за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија објавен во „Службен весник” бр. 168/2019 од 13.8.2019<br><br>Врз основа на измените на законот и новот подзаконски акт, објавен е Конкурсот за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2019/2020 година на веб страната на МОН (на 31.10.2019) | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во студентските домови (реконструкција на студентски домови) и високо-образовни установи** | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на условите за сместување на студентите<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на реконструирани државни студентски домови | **Предвидените активности за 2019 година се целосно реализирани**<br><br>Донесена е Програма за унапредување и развој на студентскиот стандард за 2019 година („Службен весник на Република Македонија” бр.23 од | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Донесување на Програма за студентски станадрд<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки за набавка на мебел за Блок В и Г од СД Гоце Делчев Скопје<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки за изработка на техничка документација за нов Студентски дом во Скопје<br>- Реконструкција/изградба на студентски домови<br>- Продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на условите за сместување во студентски домови | 31.01.2019)<br><br>Донесен е План за јавни набавки, во кој се предвидени набавките кои се однесуваат на студентските домови.<br><br>Во четвртиот квартал целосно е набавена и распределена опремата за СД Гоце Делчев (Блок В и Г).<br><br>Во тек се активности за санација на партер со инфраструктурна мрежа и пристапни патеки во комплекс на СД Гоце Делчев Скопје.<br><br>Во тек е изградба на студентски дом во комплексот на Универзитет Тетово во Тетово<br><br>На 8.11.2019 донесена е Одлука за избор на најповолен понудувач по тендер за изработка на техничка документација за санација/ замена на дотраени материјали на Зграда 1, Зграда 2 и Зграда 3 за СД "Стив Наумов", СД Скопје<br><br>На 19.12.2019 потпишан е Договор помеѓу МФ, МОН и KfW Банката за за унапредување на условите за сместување и престој во државните студентски домови, во вредност од 25 милиони евра за енергетски ефикасна обнова на седум постојни објекти во Скопје, Прилеп, Битола, Штип и Охрид. Проектот ќе започне да се | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | имплементира во 2020 година, а согласно плановите и проекциите треба целосно да биде заокружен во 2024 година.<br><br>Во однос на изградбата на објект со подземни гаражи и партерно уредување за Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ во Скопје (ФИНКИ) и објект за Факулт за физичко образование спорт и здравје при УКИМ во Скопје (ФФОСЗ), на 169-та седница на Владата, одржана на 10.12.2019 усвоена е Информација за добивање одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишни договори за продолжување со изградба на објектите | |
| **Мерка: Доделување на стипендии на студенти (студенти со висок просек, студенти од ранливи категории, студенти Роми, студенти од студиски програми математика, физика, хемија, студенти од наставнички факултети...)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на студентски стипендии за академската 2019/2020<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Објавен конкурс и доделени стипендии<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>На 31.10.2019 објавен е Конкурс за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2019/2020 година<br><br>На 27.11.2019 објавен е Конкурсот за доделување на студентски стипендии за студенти Роми за учебната 2019/2020 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | | Формирани се Работни комисии и во тек е разгледување и евалуација на пристигнатите апликации. | |
